# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.39 од 25.02.2014 година)**

**Член 1**

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12 и 163/13), во членот 64 став (1) по зборовите: "за отстранување од" зборот "јавните" се заменува со зборот "државните".

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

"(6) Отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на соодветната општина или градот Скопје може да вршат правни или физички лица врз основа на лиценца издадена согласно со одредбите од овој закон.

(7) По исклучок, отстранување на оштетените возила и возила во дефект од јавните патишта за сопствени потреби може да врши и институција која поседува сопствени возила што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за отстранување на оштетени возила и возила во дефект."

**Член 2**

По членот 64 се додаваат три нови члена 64-а, 64-б и 64-в, кои гласат:

"Член 64-а

Општините или градот Скопје може да издадат лиценца за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на соодветната општина или градот Скопје.

Член 64-б

(1) Лиценцата од членот 64-а од овој закон може да добие домашно правно лице, ако ги исполнува следниве услови:
1) да е впишан во Централниот регистар на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра 52.21 - услужни дејности поврзани со копнениот сообраќај;
2) да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за отстранување на оштетени возила и возила во дефект или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на дејност отстранување на оштетени возила и возила во дефект;
3) да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило што ги исполнуваат условите

пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и
4) возачите да поседуваат уверение за положен курс за давање на итна медицинска помош.

(2) Лиценцата од ставот (1) на овој член се издава на неопределено време.

(3) За извршената услуга правните или физичките лица кои поседуваат лиценца од ставот (1) на овој член надоместокот ќе го наплаќаат од корисниците на услугата по ценовник утврден од правното лице кое поседува лиценца од ставот (1) на овој член.

(4) На ценовникот од ставот (3) на овој член согласност дава советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

(5) Формата и содржината на лиценцата од членот 64-а од овој закон ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 64-в

(1) Правно или физичко лице кои ги исполнува условите од членот 64-б од овој закон поднесува барање за добивање на лиценцата од членот 64-а од овој закон до градоначалникот на општината или до градоначалникот на градот Скопје во која правното или физичкото лице има седиште со точно наведување на број на моторните возила со кои ќе го врши превозот за кои сака да добие лиценца и писмени докази за исполнување на условите пропишани со овој закон.

(2) Органот од ставот (1) на овој член ја издава лиценцата најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање за издавање на лиценца.

(3) Формата и содржината на барањето и потребната документација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(4) Органот надлежен за издавање на лиценца ќе донесе решение за одземање на лиценцата, ако:
- правното или физичкото лице доставило неточни податоци кои се потребни за издавање на лиценцата,
- правното или физичкото лице поднесе барање за откажување од лиценцата,
- утврди дека врши отстранување на оштетени возила и возила во дефект спротивно на издадената лиценца и
- правното или физичкото лице престане да исполнува некој од условите пропишани за нејзино издавање.

(5) Против решението донесено од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

(6) Правното или физичкото лице е должно по правосилноста на решението со кое му е одземена лиценцата веднаш, а најдоцна во рок од осум дена да ја врати лиценцата на органот што ја издал.”

**Член 3**

Во членот 65-б ставот (3) се менува и гласи:
„Снимениот материјал од ставот (2) на овој член направен при вршење на видеонадзор задолжително се чува до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена.“

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
„(4) По истекот на рокот за чување од ставот (3) на овој член, снимениот материјал се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка со кој се постапува согласно со закон.“

**Член 4**

Во членот 66-а став (1) по зборовите: “за отстранување од” зборот “јавните” се заменува со зборот “државните”.

Во ставот (4) алинеја 1 по зборовите: “за отстранување од” зборот “јавните” се заменува со зборот “државните”.

**Член 5**

Во членот 66-в став (2) точка 11 по зборовите: “за отстранување од” зборот “јавните” се заменува со зборот “државните”.

**Член 6**

Во членот 79 став (1) точка 10 сврзникот “и” се заменува со точка и запирка и се додава нова точка 11, која гласи:
“11) врши отстранување на оштетени возила и возила во дефект спротивно на издадената лиценца (член 64-а) и”.

Точката 11 станува точка 12.

**Член 7**

До издавањето на лиценца согласно со членот 64 став (6) од овој закон работите за отстранување на оштетените возила и возила во дефект од општинските и локалните патишта за територијата на соодветната општина или градот Скопје, ќе ги врши правното лице овластено за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта овластено согласно со членовите 64 став (4) и 66-д од овој закон.

**Член 8**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавните патишта.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.